# ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ФИЛМСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Осигурувањето на филмски претпријатија се однесува според содржината на договорот, на:

I.- Осигурување филмски апарати (чл. 1 до 7);
II.- Осигурување филмски реквизити (чл. 8 до 14);

**I.- ОСИГУРУВАЊЕ ФИЛМСКИ АПАРАТИ**

ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 1

Осигурена е наведената опрема во полисата како: кинематографска и фотографска опрема, ламби, рефлектори и светлинска опрема што се сопственост на осигуреникот или што тој ги закупил, или по кој и да е друг основ ги поседува.

ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

Член 2

(1) Осигурувачот е во обврска да надоместува штета предизвикана со оштетување, уништување или исчезнување на осигурени предмети за време на употребата, а нарочно во ателјето, како и за време на складирање поради:

1) пожар, удар на гром, експлозија, освен експлозијата од нуклеарна енергија, луња, град, снежна лавина, поплава, излевање вода од водоводни и канализациони цевки и од слични уреди, лизгање на терен и одронување, кршење (од последица на докажан несреќен случај), провална кражба и разбојништво, настани кои ненадејно и однадвор дејствуваат со механичка сила на осигурен предмет, исчезнување, затајување, проневера и манифестација.

(2) Осигурувачот исто така е во обврска да надомести:

1) штетата од уништување или оштетување на осигурен предмет, предизвикана при гаснење пожар, рушење или изнесување, укажување помош и спасување поради настанатиот осигурен случај;

2) штетата поради исчезнување на осигурен предмет при остварување на една од опасностите од ставот 1 на овој член.

3) трошоците направени за расчистување во врска со настнатиот осигурен случај. Во трошоците за расчистување спаѓаат неопходните издатоци, за расчистување и чистење на местото на кое е предизвикана штетата, како и издатоците за одвоз на согореното, шутот и милот до најблиското место за растовар.

4) трошоците што осигуреникот ги имал за осигурување и намалување на штетата во висина определена според членот 16 на овие услови.

НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

Член 3

(1) Осигурувачот не е во обврска за штети предизвикани, непосредно или посредно со:

1) рѓа и влијание на времето, грешки во материјалите, конструкцијата и обработката и од други недостатоци за кои според законот или договорот е во обврска лицето од кое е набавен осигурениот предмет, недостатоци или грешки што постоеле во моментот на склучување на осигурувањето и останатите ризици опфатени со условите за осигурување машини од кршење.

2) прегорување ламби и цевки од сите видови;

3) кинење влакна на ламби, цевки или нивно нефункционирање без кршење на стаклената тело, кршење ламби и цевки од сите видови, на леќи, огледала и слично, опфатено е со осигурувањето ако е последица на докажана незгода.

(2) Осигурувачот не е во обврска да надомести ниту:

1) штета од природна истрошеност;

2) посредна штета од секој вид, а особено штета што ќе настане поради привремена неупотребливост на осигурените предмети со настанување на осигурениот случај, потоа трошоци и загуби што ќе настанат од непридржување кон роковите за испорака, одолговлечување на производството на филмот, одложување на транспортирањето на филмот, па и тогаш кога тие штети се последица на настанување на осигурен случај.

3) штета предизвикана намерно или од голема немарност на странските коопераанти во рамките на обврските преземени со договорот.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 4

Вредност на осигурените филмски апарати, е доколку не се договори поинаку, нивната набавна цена, намалена за износот на процентот на амортизација.

## ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА И ПОДОСИГУРУВАЊЕ

Член 5

(1) Штетата се пресметува:

1) кај уништување на осигурениот предмет -.според вредноста на предметот на денот на настанувањето на осигурениот случај (чл.4) намалена за вредноста на остатоците;

2) кај оштетување на осигурен предмет - во височина на трошоците на поправката, намалена за износот на процентот на амортизација. Се надоместуваат и целисходно направените трошоци на превозот, царината, како и другите оправдани трошоци.

Вредноста на остатоците се одбива од штетата.

Трошоците направени за измени, подобрувања и проширувања паѓаат на товар на осигуреникот.

Трошоците за привремена поправка направени без согласност на осигурувачот, како и последиците што од тоа би настанале, паѓаат на товар на осигуреникот.

(2) Штетата пресметана според ставот 1 на овој член од овие услови во полн износ ќе биде надоместена само тогаш ако сумата на осигурувае не е

помала од вредноста на осигурениот предмет во времето на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување), ќе се надомести само дел на штетата, што е спрема вкупната штета во ист сразмер како што е сумата на осигурувањето спрема вредноста на осигурениот предмет. Ако постои подосигурување, тоа ќе се утврди посебно за секоја ставка во полисата. Подосигурувањето ќе се земе предвид само тогаш ако вредноста на осигурениот предмет од односната ставка во полисата ја наминува сумата на осигурување.

(3) Ако трошоците на поправката на осигурен предмет ја достигнат или ја надминат неговата вредност на денот на штетата, ќе се смета дека предметот е наполно уништен.

МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 6

(1) Осигурувањето важи за времето додека осигурените предмети се наоѓаат на местото означено во полисата.

(2) Осигурувањто е во сила и тогаш кога осигурените предмети ќе се пренесат од нивното првобитно место на некое друго место каде ќе му служат на осигуреникот на неговата дејност, доколку за тоа е посебно договорено.

ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

Член 7

Обврската на осигурувачот започнува во моментот кога осигурените предмети ќе ги напуштат просториите на изнајмувачот или просториите во кои биле сместени пред почетокот на снимањето на осигурениот филм, а престанува штом се вратат на горе означените места.

Обврската на осигурувачот во секој случај не може да започне порано отколку што е тоа предвидено во чл.5 од Општите услови за осигурување на имоти.

## II.- ОСИГУРУВАЊЕ НА ФИЛМСКИ РЕКВИЗИТИ

ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ

Член 8

(1) Осигурени се сите реквизити на договорувачот на осигурувањето, сопствени или закупени или кои се по кој и да е друг основ во неговото поседување, што служат за изаботка на филмот наведен во полисата.

Како реквизити, во смисла на овие правила, се сметаат особено: мебел, декор, гардероба (фустани, костими и слично), разни оружја домашни и работни животни (но недресирани), ордени, накит и воопшто предмети од благородни метали чија поединечна вредност не надминува 60.000 денари.

(2) Ако изрично е договорено, осигурени се и:

1) личната гардероба на артистите, статистите, режисерот и сниmателот, доколку гардеробата се наоѓа во заклучени простории,

2) моторни и други возила на копно, вода воздух што се предмет на снимае,

3) дресирани животни;

4) накит и предмети од благородни метали чија поединечна вредност надминува 60.000 денари,

5) градежни материјали потребни при изработка на филмот.

(3) Од ова осигурување се изземени:

1) целокупната кинематографска опрема, ламби, рефлектори и светлинска опрема, заедно со приборот и резервните делови, што се употребуваат при снимањето.

2) готови пари и хартии од вредност.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 9

(1) Осигурувачот е во обврска да надомести штета предизвикана со оштетување, уништување или исчезнување на осигурени предмети за време на употреба, а особено во текот на изградба и расклопување, како и при складирање поради:

1) пожар, удар на гром, експлозија освен експлозијата од нуклеарна енергија, луња, град снежна лавина, поплава, излевае вода од водоводни и канализациони цевки и од слични уреди, лизгање на терен и одронување, кршење, провална кражба и разбојништво.

(2) Осигурувачот исто така е во обврска да надомести:

1) штета од уништување или оштетување на осигурени предмети предизвикана при гаснење на пожар, рушење или изнсување, укажување на помош и спасување поради настанатиот осигурен случај;

2) штета поради исчезнување на осигурен предмет при остварувањето на една од опасностите од ставот 1 на овој член;

3) трошоците направени за расчистување и рушење во врска со настанатиот осигурен случај. Во трошоците за расчистување спаѓаат неопходните издатоци за расчистување и чистење на местото на кое е предизвикана штетата, како и издатоците на одвоз на согореното, шутот и милот до најблиското место за истовар. Во трошоците за рушење спаѓаат неопходните трошоци што осигуреникот ги имал по настанувањето на осигурениот случај за рушење на преостанатите делови на зградата и нивното однесување до најблиското дозволено место за истовар.

## НЕОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

### Член 10

(1) Осигурувачот не е во обврска за штета предизвикана со оштетување или со уништување на осигурен предмет од опасности:

1) од гнилење, р΄ѓа, штетно дејствување на инсекти и глодачи;

а) кои осигурени предмети, со оглед на намената свесно се изложени за потребите на филмот во изработка.

(2) Осигурувачот не е во обврска да надомести ниту посредни штети од секој вид, загуби и трошоци што ќе настанат со непридржување кон роковите на испораката, со одложување на патување или со одложување на изработка на филмот, па и тогаш коа тие штети, загуби, односно трошоци се последица на осигурениот случај.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕН ПРЕДМЕТ

Член 11

Вредноста на осигурените филмски реквизити е нивната набавна цена намалена за износот на процентот на амортизација. Предметите чија вредност е ограничена на 60.000 денари се сметаат како осигурени на "прв ризик".

## ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА И ПОДОСИГУРУВАЊЕ

Член 12

(1) Штетата се пресметува:

1) кај уништувањето или исчезнувањето на осигурените предмети според нивната вредност на денот на настанувањето на осигурениот случај (чл.11).

2) кај ошетувањето на осигурени предмети - во висина на износот на трошоците на поправката или на трошоците за набавка на нов дел наместо оштетениот намален за износот на проценетото амортизирање.

Штетата оправди намалување на вредноста на осигурениот предмет по поправката не се надоместува.

(2) Кај загуби или оштетувања на едно парче од предметот што чини пар или гарнитура, осигурувачот е должен да надомести само дел од вредноста што од вкупната вредност на парот, односно гарнитурата отпаѓа на исчезнатиот, односно оштетениот предмет.

(3) За уметнички предмети важат следните одредби:

1) осигурувачот го определува местото каде ќе се утврди оштетувањето и таму оштетениот предмет ќе се однесе,

2) вештаци оценуваат дали и со кои трошоци може во потполност да се изврши обнова на оштетениот предмет. Во позитивен случај осигурувачот ги надоместува или трошоците за обновата утврдени со процената, или фактичните трошоци на обновата според сметката, доколку не ја пречекорува сумата на осигурувањето.

(4) Штетата пресметана според ст.1 и 2 од овој член, се надоместува тогаш во полн износ ако сумата на осигурувањето не е помала од вредноста на осигурениот предмет (чл.11). Ако сумата на осигурувањето е помала од вредноста на осигурениот предмет во времето на настанувањето на осигурениот случај (подосигурување), ќе се надомести само дел од штетата што спрема вкупната штета е во ист сразмер како што е сумата на осигурувањето спрема вредноста на осигурениот предмет.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 13

(1) Осигурувањето важи за времето додека осигурените предмети се наоѓаат на местото означено во полисата.

(2) Осигурувањето е во сила и тогаш кога осигурените предмети ќе се пренесат од нивното првобитно место на некое друго место каде ќе му служат на осигуреникот за неговата дејност, доколку за тоа е посебно договорено.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

Член 14
Обврската на осигурувачот започнува во моментот кога осигурените предмети ќе ги напуштат просториите на изнајмувачот или просториите во кои биле сместени пред почетокот на снимањето на осигурениот филм, а престанува штом ќе се вратат на гореозначените места.
Обврската на осигурувачот во секој случај не може да започне порано отколку што тоа е предвидено во чл.27 од Општите услови за осигурување имоти.

## III.- ОПШТИ ОДРЕДБИ

ОБЕМ НА РИЗИК

Член 15
(1) Обемот на ризикот од член 1, став 1, точка 2, членот 2, став 1, точка 2, членот 8, став 1, точка 2 на овие Услови, освен за ризикот од провална кражба и разбојништво, се определува според одредбите за односниот ризик од Условите за осигурување од опасност од пожар и од некои други опасности, доколку во овие услови е определен обем на односниот ризик.
(2) Обемот на ризик од провална кражба и разбојништво се определува според чл.3 на Условите за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво.

НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИ

Член 16
(1) Осигурувачот ги надоместува трошоците што осигуреникот ги направил кога настанал осигурениот случај за преземените мерки заради остварување и намалување на штетата.
(2) Надоместокот вкупно на име трошоци од претходниот став и на име оштета, не може да ја надмине сумата на осигурувањето.
Трошоците за отстранување и намалувањ на штетата направени по налог на осигурувачот се надоместуваат тогаш кога заедно со ошптетата ја надминуваат сумата на осигурувањето.
(3) Во случај на подосигнување трошоците за отстранување и намалување на штетата се надоместуваат во ист сразмер како и штетата, освен во случаит екога се направени по налог на осигурувачот.
(4) Осигуруачот не е во обврска да ги надомести трошоците предизвикани за отстранување на причината на штетата како и трошоците за интервенција на противпожарното друштво, или на други организации чија должност е да укажуваат бесплатна помош кога ќе настане осигурен случај.

ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
НА ИМОТИ

Член 17
Доколку не се во спротивност со овие услови, на осигурувањата склучени според овие услови се применуваат и Опшите услови за осигурување имоти.

Овие Услови се во важност од 20.12.2005 година кога и се донесени на 23-тата редовна седница на Одборот на директори со одлука број 0202-4878/10.